CV( БИОГРАФИЈА)

Др.Милка Ристова судија на Врховен суд на Република Македонија- во пензија

**Лични податоци**

Родена 28.02.1950 година во Радовиш, каде што завршив основно образование и ги гимназија.

**Образование**

На Правниот факултет на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје се запишав во 1968 година, а студиите ги завршив во 1972 година како дипломиран правник.

**Развој во служба**

По дипломирањето во 1973 година се вработив во Општинскиот суд во Радовиш како судски приправник.

Во 1974 година положив правосуден испит. Истата година бев избрана за судија во Општинскиот суд во Радовиш.

Во 1977 година сум избрана за судија во Општинскиот суд во Скопје I, Скопје. Во овие судови работев во одделот за кривично право и постапував по кривични предмети.

Во 1985 година бев избрана за судија на Окружниот суд во Скопје и постапував по кривични предмети.

Во 1987 година бев избрана за Заменик Републички Општествен Правобранител на Самоуправувањето.

Во 1991 година бев избрана за Советник во Министерството за правда на Република Македонија.

Во 1996 година бев избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје, а во 2005 година бев избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија, каде се и пензионирав.

Едукатор сум во Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев'' во Скопје од нејзиното отварање во 2007 година до денес 2017 година.

Држам предавања и обуки на кандидатите за идни судии и јавни обвинители по предметот Етика, Деловна култура и Деонтологија.

Соработувам на проекти на Институтот за Европска политик ( ЕПИ ).

Член на работна група 3 Правосудство, поглавје 23 при Европското движење во Република Северна Македонија ( ЕДРСМ ).

Член на бордот на Транспаренси нулта корупција и соработник во проекти посветени на борба против корупцијата во правосудството.

**Дополнително образование**

Во текот на мојата кариера се запишав на постдипломски студии на Правниот факултет во Скопје на групата „Кривично право и криминологија''. На оваа група го одбранив во 1990 година мојот магистарски труд на тема: ,,Кривичното правосудство во Македонија 1878-1912 година'' и се здобив со научен назив Магистер на правните науки од областа на кривичното право.

Исто така пријавив докторат на тема: „Одговорноста на судиите во Република Македонија'' и се стекнав со научен назив доктор по правни науки.

**Останати активности**

Во текот на својата кариера сум учествувала на повеки студиски престои во странство, како и на стручни семинари во земјата и странство.

Во текот на својата кариера имам објавено повеќе стручни и научни трудови од областа на правото.

Паралелно со стручната работа активно учествував во општествени активности посветени на родовата рамноправност во Република Македонија.

**Семејна состојба**

Мајка на две полнолетни деца со свои семејства. Баба на три внучиња.

Судија Др.Милка Ристова ВСРМ-во пензија